**Врз основа на член 22, став 2 од Законот за локалната самоуправа (Сл. весник на РМ“ бр. 05/02) и член 34, став 1 тоќа 11 од Статутот на Општина Боговиње (Сл. гласник на Општина Боговиње бр.21/07),Советот на Општина Боговиње на седницата одржана на 30.12.2024 година, донесе**

# П Р О Г Р А М А

## за активностите на Општина Боговиње во областа на заштита на животната средина во 2025 година

## I. СТРАТЕШКА ЦЕЛ

Програмата на Општина Боговиње за заштита на животната средина е насочена кон обезбедување услови за заштита и за унапредување на животната средина на територијата на општина Боговиње, заради остварување на правото на граѓаните на здрава животна средина.

## II. ЦЕЛИ НА ПРОГРАМАТА

Општа цел на Програмата на Општина Боговиње за заштита на животната средина е да се формулираат и спроведат приоритетни и целисходни мерки за заштита и спречување од загадување на водата, воздухот, земјиштето, заштита на природата, заштита од бучава и нејонизирачко зрачење како и за ефективно и ефикасно управување со ризици од поплави.

Специфична приоритетна цел на Програмата на Општина Боговиње за заштита на животната средина за 2025 година е да се обезбеди ефективна заштита на населението и движните и недвижни добра како и животната средина во целина од штетното дејство на водите преку спроведување на мерки и активности за заштита и одбрана од поплави, заштита од ерозија и порои, одбрана од замрзнување на површинските водни тела, како и отстранување на последиците од таквите штетни дејства на водите.

## III. ПРЕДМЕТ НА ПРОГРАМАТА

Предмет на Програмата на Општина Боговиње за заштита на животната средина за 2025 година е да се спроведат приоритените мерки и активности наведени во Планот за управување со ризици од поплави за горниот дел од базенот на реката Вардар кој е подготвен во рамки на проектот на UNDP финансиран од страна на SDC и SECO „*Подобрување на отпорноста на поплави во Полошкиот регион*“, а кои се однесуваат на општината Боговиње.

Генерална цел на Планот за управување со ризици од поплави за горниот дел од базенот на реката Вардар е да се подготви студија за моделирање на ризикот од поплави во согласност со Директивата на ЕУ за поплави и националното законодавство и истиот е фокусиран на генерирање мапи кои се компатибилни со различни ГИС платформи и кои можат да бидат искористени за предвидување различни сценарија на поплави, подржувајќи го притоа процесот на проценка на ризици од поплавите и планирањето на соодветни мерки и активности за управување со ризиците од поплави од страна на општините во Полошкиот плански регион.

Составен дел на овој план е **Каталог на мерки** кој е подготвен согласно со четирите приоритети на т.н. *Сендаи Рамка на ООН* за намалување на ризици од несреќи за периодот 2015 - 2030 г.:

Приоритет 1: Разбирање на ризиците од несреќи
Мерките се фокусирани на консолидирање на постоечки податоци, информации и мапирање на ризиците како и институционалните надлежности за нивно адресирање и развој на капацитет за управување со ризиците.

Приоритет 2: Јакнење на управувањето со ризиците
Мерките се насочени кон подобрено институционално управување со ризиците преку спроведување на законска и институционална реформа. Истите се поделени во три категории: (1) Национално ниво, (2) Регионално ниво и (3) Локално ниво.

Приоритет 3: Инвестирање во економска, социјална, културна и еколошка отпорност на населението кое е изложено на ризик
Спроведувањето на овој приоритет подразбира планирање и спроведување на структурни и неструктурни мерки на ниво на засегнати сектори со цел да се намалат ризиците и да се зголеми отпорноста на населението. Истите се поделени во четири категории: (1) Неструктурни мерки на ниво на сливно подрачје, (2) Неструктурни мерки во урбано подрачје и подрачје под ризик од поплава; (3) Структурни мерки на ниво на сливно подрачје и (4) Структурни мерки на подрачје под ризик од поплава.

Приоритет 4: Зголемување на подготвеноста за ефективен одговор на кризи преку обнова и реконструкција
Мерките се фокусирани на инфраструктурата, алатките и оперативните капацитети поврзани со подготвеноста за справување со несреќи, адекватен одговор, обнова, рехабилитација и реконструкција. Истите се поделени во три категории: (1) Регионално ниво, (2) Локално ниво и (3) Ниво на локална заедница.

Каталогот содржи карактеристични апликативни мерки за секоја категорија на мерки од наведените приоритети.
За спроведување на приоритените мерки утврдени низ партиципативен процес и со учество на општините и другите засегнати страни од Полошкиот регион обезбедени се финасисиски средства во рамки на проектот на UNDP финансиран од страна на SDC и SECO „*Подобрување на отпорноста на поплави во Полошкиот регион*“. Услов за нивно користење е обезбедување на соодветна финансиска контрибуција на општините од Полошкиот регион.

За обезбедување на бараната контрибуција, градоначалниците склучија спогодба за алоцирање на средства во предлог буџетите на општините за периодот 2019 - 2021 година и превземаа обврска да им предложат на советите на општините во соодветна програма на буџетот на општините да резервираат финансиски средства за спроведување на наведените мерки и активности во износ од 1 до 3 проценти од донесениот интегрален буџет на општината за 2018 година.
По прецизирањето на трошоците за секоја специфична приоритетна мерка (*после подготовката на физибилити студии и техничката и финансиска документација а особено поврзано со структурните мерки*) градоначалниците согласно со одредбите на Законот за меѓуопштинска соработка ќе предложат до советот на општината Одлука за здружување на средства за нивно спроведување, а по нејзиното донесување ќе склучат Договор за здружување на утврдените финансиските средства во буџетот на општината за тековната година.

## IV. ФИНАНСИРАЊЕ

Оваа Програма ќе биде финансирана од средствата на Буџетот на Општина Боговиње за 2025 година, од надоместокот за поседување на Б-интегрирани еколошки дозволи, Дозволи за усогласување со оперативен план и од други такси и надоместоци.

## ПРЕГЛЕД НА ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА НА ОПШТИНА БОГОВИЊЕ ЗА 2024 ГОДИНА

| **Р** | | | | **ЗАШТИТА НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА И ПРИРОДАТА** | **Планирано** |
|---|---|---|---|---|---|
| | Р1 | | | Заштита на животната средина и природата | |
| | | 464 | | Разни трансфери | |
| | | | 464990 | Други трансфери | |
| | | | | Реализација на мерките од Планот за управување со ризици од поплави за горниот дел од горниот слив на реката Вардар | |

## V. ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Комисијата за урбанизам и животна средина го следи реализирањето на предвидените активности во рамки на оваа Програма, покренува иницијативи, дава мислења и поднесува предлози во врска со остварувањето на нејзините цели.
Оваа Програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во Службен гласник на Општина Боговиње“.
Бр.16-3415/16

30.12.2024 год.
Претседател на Советот на Општина Боговиње

Илир Елези с.р.

Në pajtim me nenin 22,alineja 2 të Ligjit për vetqeverisje lokale (,,Gaz.zyrtare e RM” nr.05/02) dhe neni 34,alineja 1 pika 11 nga Statuti I Komunës së Bogovinës (Fl.zyrtare e Komunës Bogovinë nr.21/07),Këshilli i Komunës së Bogovinës në seancën e mbajtur më 30.12.2024 vit.

Sjellë:

**P R O G R A M Ë**

**Për aktivitetet e komunës së Bogovinës nga sfera e mbrojtjes dhe mjedisit jetësor për vitin 2025**

I.QËLLIMI STRATEGJIK

Programa e Komunës së Bogovinës lidhur me mbrojtjen e mjedisit jetësor është e orientuar në krijimin e kushteve dhe avansimit të mjedisit jetësor në teritorin e komunës së Bogovinës për realizimin e të drejtës së qytetarëve për mjedis të shëndosh jetësor.

II.QËLLIMET E PROGRAMËS

Qëllimi i përgjithësuar i programës së komunës së Bogovinës lidhur me mbojtjen e mjedisit jetësor qëndron në formulimin dhe realizimin e prioriteteve dhe masave për mbrojtje në parandalimin e ndotjes së ujit,ajrit,tokës,mbrojtjes së ambientit,mbrojtjes nga zhurma,mbrojtjes së rezatimit jo jonizues si dhe menaxhimi efikas ndaj reziqeve nga vërshimet.

Qëllimi prioritar i programës së komunës së Bogovinës për mbrojtje të mjedisit jetësor për periudhën e vitit 2025 është krijimi i kushteve efektive për mbojtje të popullatës,të mirave të tundëshme dhe të patundëshme për një mjedis më të përgjithsuar ndaj ndikimeve të dëmshme të ujrave në realizimin e masave dhe aktiviteteve për mbrojtje dhe siguri nga vërshimet,erozionet,ngricat nga ujrat sipërfaqsor dhe eliminimin e pasojave nga veprimet e dëmshme të ujrave.

III.LËNDA E PROGRAMËS

Lëndë e programës së Komunës së Bogovinës për mbrojtje të mjedisit jetësor për periudhën e vitit 2025 është që të realizohen masat dhe aktivitetet me prioritet të përcaktuara nga plani për menaxhim ndaj rreziqeve nga vërshimet në pjesën e epërme të pellgut të lumit Vardar I cili është pregaditur mbrenda kornizave të projektit nga ana e UNDP i finansuar nga SDC dhe SECO ,,Përmirsimi i qëndrueshmërisë nga vërshimet në rajonin e pollogut ,, e që ka lidhshmëri me komunën e Bogovinës.

Qëllimi gjeneral për menaxhim me reziqet nga vërshimet në pjesën e epërme të pellgut të lumit Vardar është pregaditja e studimit me modul të rezikut nga vërshimet në pajtim me direktivat e UE për vërshime dhe ligjëshmëri nacionale që i njejti fokusin e gjenerimit e ka në harta të cilat janë kompatibile me GIS platformë të ndryshme e që mund të shfrytëzohen për parashikime të ndryshme të skenareve nga vërshimet , mundësinë e vlersimit të rezikut nga vërshimet si

dhe planifikimin e masave adekuate për menaxhim nga reziqet e vërshimeve nga ana e komunave në rajonin e pollogut.Pjesë e krijimit të këtij plani është Katalogu i Masave i cili është i pregaditur në pajtim me katër prioritetet e ashtuq.Sendai korniza e OKB për zvoglimin e reziqeve për periudhën 2015-2030 vit.

Prioriteti 1: Kuptimi mbi reziqet nga fatkeqësitë

Masat janë të fokusuara në konsolidimin e të dhënave dhe informacioneve egzistuese , hartimit të reziqeve si dhe kompetencat institucionale për adresimin e tyre dhe zhvillimin e kapaciteteve për menaxhim me reziqet.

Prioriteti 2 : Përforcimi i menaxhimit me reziqet

Masat orientohen në përmirsimin institucional për menaxhim me reziqet nëpërmjet realizimit të ligjit dhe reformës institucionale. Të njejtit janë të ndarë në tre kategori: (1) niveli nacional, (2) niveli regjional dhe (3)niveli lokal.

Prioriteti 3 : Investimi në qëndrueshmërinë ekonomike,sociale,kulturore dhe ekologjike të popullatës së ekspozuar nga reziqet.

Realizimi i këtij prioriteti nënkupton planifikimin dhe realizimin e masave strukturore dhe jostrukturore në nivel të sektorëve të prekur me qëllim të zvoglimit të reziqeve dhe të ritjes së rezistencës nga ana e popullatës. Të njëjtët janë të ndara në katër kategori : (1) masat jostrukturore në nivel të zonës ujmbledhëse, (2) masat jostrukturore në zonat urbane dhe në zona me rezik për vërshime, (3) masat strukturore në nivel të zonës ujmbledhëse dhe (4) masat strukturore në zonat për rezik nga vërshimet.

Prioritet (4) : Ritja e gadishmërisë për reagim ndaj krizave nëpërmjet ndërtimit dhe rekonstruimit

Masat janë të fokusuara në infrastrukture, mjetet dhe kapacitetet operative të ndërlidhura me gadishmërinë për menaxhim me fatkeqësitë, reagim adekuat, rindërtim, rehabilitim dhe rekonstruim. Të njejtat janë të ndara në tre kategori : (1) Nivel regjional, (2) nivel lokal dhe (3) Nivel të bashkësive lokale.Katalogu përmban masa karakteristie aplikative në secilën kategori të masave nga prioritetet e cekura.Për realizim e masave prioritare të vërtetuara nëpërmjet procesit participues dhe me pjesëmarje të Komunave dhe palëve të interesuara të rajonit të Pollogut të siguruara janë mjete financiare në korniza të proektit të UNDP-së i financuar nga SDC dhe SECO ,,Përmirsimi i qëndrueshmërisë ndaj vërshimeve në rajonin e Pollogut’’. Kusht i shfrytëzimit të tyre është sigurimi i kontributit të nevojshëm financiar të Komunave të rajonit të Pollogut.

Për sigurimin e kontributit të kërkuar, kryetarët lidhën marrëveshje për alocim në buxhetet e propozuara të komunave dhe morën për obligim që të ju propozojnë këshillave të komunave në programë të veçantë të buxhetit të komunave të rezervojnë mjete financiare për realizim të masave të cekura dhe aktiviteteve në shumë prej 1 deri në 3 përqind të buxhetit integral të sjellur të Komunës për vitin 2018.

Pas precizimit të harxhimeve të secilës masë prioritative specifike(pas pregaditjes së studimit të fizibilitetit dhe dokumentacionit mekanik dhe financiar e veçanarisht e ndërlidhur me masat strukturore) kryetarët në pajtim me dispozitat e Ligjit për bashkëpunim ndërkomunal do të propozojnë deri te këshilli komunal Vendim për bashkim të fondeve për realizim të tyre, ndërsa pas sjelljes së tyre do të lidhin Marrëveshje për bashkim të mjeteve të vërtetuara në buxhetin e komunës për vitin aktual.

IV. FINANCIMI

Kjo programë do të finansohet nga mjetet e buxhetit të komunës së Bogovinës për vitin 2025 edhe ate nga kompenzimet e posedimit të B-Lejeve të integrimeve ekologjike,Leje për harmonizim të planit operativ dhe nga taksa e kompenzime tjera.

**RISHIKIM I MJETEVE FINANSIARE PËR REALIZIMIN E PROGRAMËS SË MJEDISIT JETËSOR TË KOMUNËS SË BOGOVINËS PËR VITIN 2024**

| **P** | | | | **Mbrojtja e mjedisit jetësor dhe natyrës** | **Planifikimi** |
|---|---|---|---|---|---|
| | P1 | | | Mbrojtja e mjedist jetësor dhe natyrës | |
| | | 464 | | Transfere të ndryshme | |
| | | | 464990 | Transfere tjera | |
| | | | | Realizimi I masave nga plani për menaxhim me reziqet ndaj vërshimeve në pellgun e epërm të lumit Vardar | |

V.Dispozitat kalimtare

Komisioni apostafat I këshillit komunal I ngarkuar për çështje të mjedisit jetësor të përcjell aktivitetet e përcaktuara në bazë të kësaj programe,të ndërmer inicijativa,mendime dhe parashtroj propozime lidhur me realizimin e qëllimeve.Kjo programë hynë në fuqi nga dita e ardhshme e shpalljes në ,,Fletoren zyrtare të komunës së Bogovinës.

Nr.16-3415/16

30.12.2024 vit.

Kryetari i Këshillit Komunal Bogovinë

Ilir Elezi d.v.